**Известување за концентрација со која Нелт Ко д.о.о. Белград, Република Србија ќе стекне единствена контрола над ДИ Веј д.о.о., Белград, Република Србија, и, од друга страна, стекнување на единствена контрола од Нерегелиа д.о.о. Подгорица, Црна Гора над ДИ Веј д.о.о., Подгорица, Црна Гора**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на Нелт Ко д.о.о. Белград со регистрирано седиште на адреса Маршала Тита бр. 226б, 11272 Добановци, Република Србија врз друштвото ДИ ВЕЈ д.о.о со регистрирано седиште на адреса Маршала Тита бр. 226б, 11272 Добановци, Република Србија, и, од друга страна, стекнување на единствена контрола од друштвото Нерегелиа со регистрирано седиште на Цетињски пут ББ, Подгорица, Црна Гора врз друштвото ДИ Веј д.о.о., со регистрирано седиште на Цетињски пут ББ, Подгорица, Црна Гора.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Нелт Ко д.о.о. Белград и Нерегелиа д.о.о. Подгорица** или друштвата што стекнуваат контрола, припаѓаат и работат во рамките на Групацијата на друштва НЕЛТ ("Групација НЕЛТ"). Групацијата НЕЛТ е активна на 11 пазари во регионот на Југоисточна Европа и Субсахарска Африка и има околу 4.000 вработени. Групацијата НЕЛТ обезбедува интегрирани услуги за дистрибуција и логистика на своите домашни и меѓународни клиенти преку мрежа на дистрибутивни центри и оперативна поддршка во секоја земја во која е активна.

Во Република Северна Македонија, Групацијата НЕЛТ е присутна преку три претпријатија-ќерки:

- Нелт СТ ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден 32 бр. 20, Скопје, кое е активно во дистрибуција,
- Нелт Лог ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден 32 бр. 20, Скопје, кое е активно во логистика и
- Нелт Лајн ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден 32 бр. 20, Скопје, кое е активно во транспорт.

**ДИ Вej д.о.о., Белград и ДИ Вej д.о.о., Подгорица** како основна дејност, вршат дистрибуција и продажба на стоки за широка потрошувачка. Овие две друштва можат да понудат комплетна услуга на клиентите, од увоз и царинење на стоки, преку маркетинг активности, до продажба и испорака. Покрај продажбата, сé поголем акцент се става на услугите „трговски маркетинг“ кои овие друштва им ги обезбедуваат на своите клиенти. Станува збор за маркетинг услуги кои друштвата ги обезбедуваат преку аранжирање на производи во продавници, дизајнирање и спроведување на промотивни активности, брендирање возила или производство и пласирање рекламен материјал.

ДИ Вej д.о.о., Белград и ДИ Вej д.о.о., Подгорица ќе бидат продадени од страна на иста компанија, односно Прелимио Холдингс Лимитед. По затворањето на Трансакцијата, овие друштва ќе бидат дел од истата групација на компании: ("Групација НЕЛТ").

ДИ Вej д.о.о., Белград и ДИ Вej д.о.о., Подгорица не создаваат никакви приходи и воопшто не се присутни во во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

11.08.2023 година, Скопје